СООПШЕТЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД ВО

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА
ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА
Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ,
ВО К.О.ПРИБИЛЦИ, м.в.„ГОРНИ ЛИВАДИ 3“ ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и член 129ª од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02), 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21 ) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1209/8 од 22.12.2021година, за Градоначалникот на Општина Демир Хисар го ѓава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За спроведување на Јавен увид

**на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани, м.в. Горни ливади 3, КО Прибилци, Општина Демир Хисар**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Прибилци, Општина Демир Хисар, изработен од ДООЕЛ „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" Битола со техн.бр У-22/21 од Ноември 2021.

Проектниот опфат на Урбанистичкиот вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани ги опфаќа дел од КП бр.411, дел од КП бр.412, дел од КП бр.413, КП бр.414, КП бр.415, дел од КП бр.461/2, дел од КП бр.462, дел од КП 463, дел од КП бр.465 и дел од КП бр.466,м.в Горни ливади 3, КО Прибилци.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 13,581м$^2$ или 1,35ха.

Во границите на проектниот опфат планирано е оформување на една нова градежна парцела, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површините за градба, коппатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар- www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 21.02.2022 год. до 07.03.2022 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да достават забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

изработил: Катерина Радовска
одобрил: Соња Наумовска

Бр.11-1251 5
18.03.2022г.

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски

- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

- АНКЕТЕН ЛИСТ